# ОГЛАС ЗА КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

Број на оглас:**01/2010**

**ДЕЛ I:ДОГОВОРЕН ОРГАН**

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:**Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија**

I.1.2) Адреса:**Орце Николов бр.138**

I.1.3) Град и поштенски код:**Скопје 1000**

I.1.4) Интернет адреса:**www.jpssdp.gov.mk**

I.1.5) Лице за контакт:**Зоран Дамјанов**Адреса на е-пошта:**zoran.damjanov@jpssdp.gov.mk**Телефон/Факс:**02 3118 844/02 3 225 094**

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат:

**На горната адреса**

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

**Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот-Домување, градежништво и транспорт**

**ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ**

II.1) Предмет на конкурсот:

**Изработка на идејно решение за објект Катна гаража 5.13 ДУП МАЛ РИНГ во Скопје**

II.2) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело:**Не**

II.3) Дали конкурсот ќе се реализира од група на договорни органи:**Не**

II.4) Референтна номенклатура (ОПЈН)

II.5) Подетален опис на конкурсот:

**Изработка на идејно архитектонско решение за објект - Катна гаража со деловен простор на Г.П. 5.13, во непосредна близина на објектот - шалтерската сала на Телеком. Површина на Г.П 5.13 изнесува 945,00м2, површина за градба изнесува 945,00м2, бруто развиена површина на надземните етажи изнесува 9.450,00м2. Објектот е предвиден со П+9 ката, приземје и девет ката, со мах. височина до 29м. На приземјето и два ката од објектот да бидат сместени деловни содржини со мултифункционална намена а на останатите катови да биде сместен јавен паркинг со капацитет од најмалку 315 возила. Тип на катна гаража – гаражна кула (LIFTS & TRAVELING TOWERS – АВТОМАТСКИ ПАРКИНГ ) Компјутерски контролиран објект за паркирање со автоматски паркинг системи.**

## ДЕЛ III: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

III.1) Конкурсот за избор на идејно решение е дел од постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги:**Не**

III.2) Од учесниците на конкурсот се бара посебна стручна квалификација:**Да**

Ако е ДА, да се наведе која:

**Право на учество имаат домашни и странски правни лица регистрирани за вршење дејност – проектирање и домашни и странски физички лица – дипломирани инжинери архитекти.**

III.3) Целосни и детални информации за критериумите што ќе се применуваат за избор на најдобро рангираниот план/планови или проект/проекти:

**Критериуми за оценување на идејните решенија**
**-застапеност на програмските барања**
**-почитување на општи архитектонско – урбанистички услови пропишани со ДУП и Посебните услови за изградба од Измените и дополнувањето на детален урбанистички план ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД СКОПЈЕ МАЛ РИНГ-Б1, В4, В6 и В7- Општина Центар**
**-*Фасадата на објектот да биде испроектирана во стил на: барок, класицизам, неокласицизам, романтизам и неоромантизам.**
**-застапеност на бараните прилози**
**-функционална организација на просторот според програмските барања**
**-Креативност и инвентивност на понудените решенија и обликување на објектот согласно зададените услови во конкурсот**
**-Оригиналност и иновативност на понуденото решение**
**-Сеизмичка стабилност**
**-Изводливост**
**-Функционална и просторна структуираност како одговор на содржинските и функционалните барања**
**-Понудено решение со поголем број на паркинг места од бараниот со програмските барања**
**-Примена на нови технологии во паркирање користени во Европа и Светот**
**-Почитување на стандардите и нормативите и останатата законска регулатива**
**-Почитување на прописите од сообраќаен аспект**

## ДЕЛ IV: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Услови за доставување на планот/плановите или проектот/проектите

IV.1.1) Плановите или проектите да се достават најдоцна до:

**07.04.2010 во 16.00 часот.  Место: Скопје**

IV.1.2) Доделување на награда/награди: **Да**

Ако е ДА, да се наведе која/кои:

**Прва награда во висина од300.000,00 денари. Втора награда во висина од200.000,00 денари. Трета награда во висина од100.000,00 денари. Договорниот орган дополнително може да откупи најмногу две идејни решенија  во висина од по 30.000ден.**

IV.2) Имиња на членови на жири комисија:

IV.3) Дополнителни информации:

**Набавувачот на конкурсот на учесниците ги става на располагање следните материјали:**
**-Проектна програма за изработка на идејно решение за објект Катна гаража со деловен простор на Градежна парцела 5.13 од Измените и дополнувањето на детален урбанистички план ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД СКОПЈЕ МАЛ РИНГ-Б1, Б4, Б6 и Б7- Општина Центар (текстуален и графички дел)**
**-Секој од учесниците кој подигнал тендерска документација има право да учествува со по еден труд.**
**-Трудовите се предаваат во формат 70/100 на тврда подлога, мах на 10 листа во затворен пакет со натпис Јавна Набавка Конкурс бр. 1/2010 со шифра -------- со јасно напишана препорака „не отварај"**
**-Потребно е секој прилог да се нумерира со реден број во долниот десен агол и со шифра (од максимум 5 букви) во горниот десен агол, како и да даде список на прилозите според реден број.**
**-Податоците за авторот треба да се наведат во посебен затворен плик приложен во трудот со назнака „Автор" и назначен со истата шифра. Во друг плик со назнака „Адреса за враќање на трудот" и назначен со иста шифра, треба да се назначи адресата на која треба да се врати ненаградениот или неоткупениот труд.**
**-Пријавените кандидати прифаќаат дека дале согласност за одкривање на идентитетот по извршениот избор. Во случај да не е избран за награда или одкуп, кандидатот може да изјави дека не сака да биде откриен идентитетот.**
**-Графичката обработка на прилозите да биде на ниво на идеен проект, а техниката е по слободен избор на авторите.**
**-Текстуалниот дел на проектот треба да се поврзе во посебна корица на А4 формат во 2 примерока.**
**-Проектот треба да се достави во непрозирна и запечатена обвивка, обезбедена од оштетување од транспорт.**
**-Тендерската документација може да се подигне од ЈП ССДП на РМ, ул. „Орце Николов" бр. 168 во Скопје, секој работен ден од 9 до 16 часот, за времетраење на огласот.**
**-Само економски оператори кои подигнале тендерска документација имаат право да учествуваат на конкурсот.**
**-Проектот кој нема да ги содржи сите елементи опишани во овој конкурс, односно е доставен ненавремено или е некомплетен, нема да биде предмет на разгледување од Жири комисијата.**
**-Жири комисијата се состои пет члена, а ке го изврши оценувањето и ке ги објави резултатите од конкурсот во рок од 15 дена од денот на завршување на конкурсот.**
**-Проектите кои нема да бидат прифатени ке се вратат во рок од 10 дена од денот на завршувањето на постапката.**
**-Договорниот орган го задржува правото да не ги додели наградите, односно не изврши одкуп на идејните решенија.**
**-Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор ке склучи авторски договор за пренос на авторските права, а наградите, односно одкупите ке представуваат надоместок за одкуп на авторските права за натамошно користење на делото за целта на овој конкурс.**
**Со предавањето на конкурсниот труд се смета дека секој учесник ги прифаќа условите и пропозициите и одредбите на конкурсот.**

IV.4) Датум на објава:**10-02-2010**